ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

По повод претстојниот Празник на Општина Чешиново-Облешево (Мала Богородица), а во согласност со Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за закуп на локации за поставување на тезги и штандови на манифестацијата „Ден на општина Чешиново-Облешево“ (Сл.гласник на Општина Чешиново-Облешево бр.14/26) Општина Чешиново-Облешево објавува

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-1857/1
07.09.2026 год.
ОБЛЕШЕВО

ЈАВЕН ПОВИК

за изнајмување на простор за поставување на штанд за продажба на прехранбени продукти и пијалоци на 20.09.2026 година, на претходно утврдени локации во „Паркот на штркот“ во село Чешиново.

На јавниот повик може да се јават сите заинтересирани правни и физички лица од општината и пошироко.

Надоместокот за закуп е утврден со Одлука од Советот на Општина Чешиново-Облешево, а локациите се ограничени и обележани/ маркирани од страна на општина Чешиново-Облешево и тоа :

- Локација бр.1 - 150 м^2 - надоместок за закуп 6000 денари и
- Локација бр. 2 - 150 м^2 - надоместок за закуп 6000 денари.

Повикот трае 5 работни од неговото објавување на страната на општина Чешиново-Облешево, односно до 14.09.2026 година до 15.00 часот.

Заинтересираните правни или физички лица потребно е да поднесат Барање во општина Чешиново-Облешево со платена административна такса (100 денари) каде ќе бидат информирани за понатамошната постапка и начинот на уплата на средствата .

Изборот на закупецот односно издавањето на просторот / локацијата ќе биде по принципот **„Прв дојден прв услужен“,** по приложена уплатница за извршена уплата за надоместок за закуп на јавен простор.

Барателите кои ќе изнајмат простор за поставување на штанд за продажба на прехранбени продукти и пијалоци задолжително да го имаат во предвид Законот за безбедност на храната и да постапуваат согласно истиот.

Контакт лице од Општина Чешиново-Облешево

Далибор Арсов 071-200-806

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Јорданче Костадинов